**Обраќање на Министерката за одбрана Славјанка Петровска**
**на конференција „Кон отпорност и заштита на критичната инфраструктура: регионални искуства“**
во организација на Фондацијата „Фридрих Еберт“
20.10.2022 - Скопје

Дозволете ми на почетокот да се заблагодарам  на фондацијата Фридрих Еберт која што со ова партнерство покажува дека нема само политички теми важни, туку и теми кои не обединуваат уште посилно сите нас.

Во услови на променета европска безбедносна архитектура, конфликтите, пандемијата, социо-економската и финансиската нестабилност за жал и понатаму ги нарушуваат начините на живот ширум светот. И токму затоа и потребата да се изгради сеопфатен систем за заштита на критична инфраструктура е поголема од било кога. Секојдневно сведочиме дека софистицираните хибридни и сајбер закани кои ја таргетираат критичната инфраструктура и на државите во регионот, стануваат сѐ посериозна закана и сериозен безбедносен предизвик би рекла за државите, а се разбира и за нашата држава.

Примерите посочуваат дека невидливиот непријател може да ги попречи или оневозможи речиси сите сегменти на нашето секојдневно живеење.

Во изминатиот период во регионот сме сведоци на зголемен број на сајбер напади врз државни институции, невладини организации, врз системите за водоснабдување, енергетската мрежа, транспортот, голем број на онлајн услуги кои ги користат граѓаните итн.

Сите овие, сајбер напади и хибридни активности се насочени и кон слабеење на отпорноста на државите. Преку поткопување на општествената кохезија и нашиот начин на живот овие активности се насочени кон ослабување и поделба на земјите одвнатре.

Денес се поставува легитимно прашањето како да се зголеми безбедноста без да се намали либералниот простор и слободата како вредност и цивилизациска придобивка.

Критичната инфраструктура ги опфаќа системите и средствата физички или виртуелни кои се витални за значењето на една држава, при што нивното онеспособување или уништување ќе има негативен ефект врз националната, економската и социјалната безбедност.

Прашањето на критичната инфраструктура е само едно од камчињата на еден покрупен мозаик кој ни се поставува како наш предизвик да го создадеме, со што ќе треба да изградиме висок степен на отпорност на нашето општество.

Заштитата на критичната инфраструктура е хардверот на таа отпорност, кој не може без соодветни процедури и системски пристап да даде навремен одговор на заштита, а со тоа да се изгради софтверот кој е неопходен за да се даде соодветен одговор.

Ако не се обезбедува критичната инфраструктура, денес се покажува дека не само безбедноста на национално ниво, туку се загрозува и безбедноста регионално ниво и пошироко.

Затоа ни е потребно критично размислување на заштитата на критичната инфраструктура, нејзино дефинирање, воспоставување на мониторинг систем, рано предупредување, создавање на услови и ресурси за одговор и градење на капацитетите токму на тој систем.

Самата парадигма критична инфраструктура и виталната државна структура е толку сложена со повеќе испреплетени елементи кои делуваат како целина бидејќи се дел од безбедносниот систем.

Треба да изградиме вмрежен систем и заштитата на критичната инфраструктура кој не може да биде едносекторски и парцијален доколку се разбира очекуваме рано предупредување и превенција.

Преку поврзување на сите сектори на општествената репродукција се овозможува потребната стабилност. Безбедноста на виталната инфраструктура е суштинска за одржување на националната безбедност и економија на земјата како и информатичката и енергетската мрежа во неа.

Виталната инфраструктура е динамична и премногу осетлива и поради брзите промени и природни промени кои настануваат неколку пати во годината, широката примена на новите технолошки решенија во сите домени на функционирањето кое

доведува до зголемена ранливост на повеќе видови ризици, асиметрични закани.

Потребен ни е системски пристап кон уредувањето на заштитата на критичната инфраструктура што Министерство за одбрана веќе извесен период го води овој процес и во рамките на проектот МКД НАТО 2030 се формираше и комитет кој има за цел токму тоа.

Но, заштитата не може да ја само Министерството за одбрана или пак било која Дирекција на која ќе и биде доверена оваа задача. Решението и одговорот треба да се гледаат низ призмата на интегриран систем за национална безбедност на државата врз основа на искуствата на сите досегашни кризи кои сме ги поминале и надминување на парцијалниот пристап кој досега го има овозможувајќи услови за ефективност, едновременост и целосна координација на сите актери во системот.

Многу повеќе значајно за подготовката на стратегиите и законските пристапи на заштита на критичната инфраструктура е и самата методологијата за проценка на ризиците. Ако методологијата за проценка на ризиците е застарена и несоодветна, неможе ниту една стратегија или закон да го дадат потребниот резултат и бараниот ефект на заштита.

Највавжно во овој процес на заштита на критичната инфраструктура е да се изгради отпорност и на критичната инфраструктура и на општеството во целост.

НАТО е предводник на идејата за отпорност како чекор напред кон заштита.

Секоја земја членка треба да изгради своја отпорност за да издржи шокови како што се природните катастрофи, пад на критичната инфраструктура, но и воени напади. При тоа отпорноста е способност која ќе ја постигне општеството да се спротистави и да се закрепне лесно и брзо, комбинирајќи цивилни, економски, комерцијални и други фактори. Затоа т.н. еластичност е комбинација на граѓанска подготвеност и државните капацитети.

За ефективна заштита на критичната инфраструктура, неопходна е сериозна нормативна инсфрастуктура. Донесувањето на Закон за заштита на критична инфраструктура е исклучително важна тема, но се разбира не се очекува тој закон да ги реши сите проблеми и да обезбеди ефективна заштита, ако не се обезбеди функционален систем за цивилна заштита, управување со кризи и рано предупредување.

Уште еднаш благодарам за оваа конференција, не само за можноста јас да се обратам, но особено од резултатите за нејзиното работење и се заблагодарувам на академската заедница на нашата држава која секогаш будно ги следи сите случувања, а се разбира и дава свој допринос.

Ви Благодарам.